# ЗЕЛС
ГЛАСИЛО

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# BNJVL
GAZETË

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SE MAQEDONISË








11 • 2009

## ПО ПЕТТИ ПАТ ОДРЖАН
САЕМ НА ОПШТИНИТЕ - „ЗЕЛС ЕКСПО 2009“

## PËR HERË TË PESTË U MBAJT
PANAIRI I KOMUNAVE - „BNJVL EKSPO 2009“



Почитувани,

Одржувањето на Саемот на општините ,,ЗЕЛС ЕКСПО 2009", по петти пат и продолжувањето на традицијата секоја втора година општините заедно, на едно место, да ги претставуваат своите активности, успешни проекти, добри практики и меѓусебно да разменуваат искуства и информации, навистина претставуваше најзначајниот настан за ЗЕЛС, што се случи во месец ноември. Саемот го отвори Премиерот на Република Македонија, Никола Груевски, а на присутните посетители им се обратија и амбасадорите Филип Рикер, Ерван Фуере и Натали Дрозд. За значењето на оваа самеска манифестација говореше претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски, кој наедно ја искористи можноста да им се заблагодари на сите поддржувачи на оваа саемска манифестација и на Швајцарската агенција за развој, како генерален спонзор на ,,ЗЕЛС ЕКСПО 2009". Вториот ден од саемот, општините ги посети и Претседателот на Република Македонија, Ѓорге Иванов.

Во текот на двата саемски дена се слушна гласот на локалните власти, кои ги потенцираа своите досегашни успеси реализирани во текот на изминатите четири години децентрализација, но ги изнесоа и потребите, насочени кон обезбедување на поголема финансиска независност и развивање на локалната економија со цел спроведување и обезбедување на поквалитетни услови и услуги за своите граѓани. Организирањето на состаноците на претставниците од администрацијата на општините, преку формираните осум мрежи од правници, урбанисти, советници за образование, стручњаци од ИТ, надлежните за обезбедување на човечките ресурси во општините и други, претставува отворање на уште една нова ,,врата" во ЗЕЛС, за помош на нејзините членки. Поточно, преку обезбедувањето на поголема поврзаност на општинските стручњаци по одредени области, ќе се обезбеди посистематско утврдување на потребите за развој на општинските капацитети, интензивирање на размената на добрите пракси, идентификување на слабостите и изнаоѓање на најсоодветни решенија за нивно надминување.



Во месец ноември, ЗЕЛС и општините имаа и низа други значајни активности,меѓу кои одржувањето на петтата седница на Управниот одбор, средбата на претседателот на ЗЕЛС со министерот за финансии од каде меѓу другото беше најавено и зголемување на зафаќањето од ДДВ за 0,4 % за следната година. Потоа, особено значајно беше и активното вклучување на општините во акцијата за озеленување на нашата татковина, спроведувањето на повеќе обуки за градоначалниците и за општинската администрација, извлекувањето на четирите општини кои ќе добијат експертска помош во изготвувањето на своите стратегии за ИКТ и друго. За сето тоа, повеќе ќе можете да прочитате во ноемвриското издание на Вашето и наше ГЛАСИЛО.

Со почит,

Душица Перишиќ
Извршен директор на ЗЕЛС

Të nderuar,

Mbajtja e Panairit të komunave "BNJVL EKSPO 2009", për herë të pestë dhe vazhdimi i traditës që çdo vit të dytë komunat bashkërisht, në një vend, t'i prezantojnë aktivitet e tyre, projektet e suksesshme, praktikat më të mira dhe shkëmbimin e përvojave dhe informacioneve, me të vërtetë paraqet ngjarjen më të rëndësishme të BNJVL-së, gjatë muajit nëntor. Hapjen e Panairit e bëri Kryeministri i Republikës së Maqedonisë, Nikolla Gruevski, ndërsa të pranishmëve i'ju drejtuan edhe ambasadorët Filip Riker, Ervan Fuere dhe Natali Drozd. Për rëndësinë e këtij manifestimi, foli kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanovski, i cili shfrytëzoi rastin që t'ju falenderohet të gjithë përkrahësve të manifestimit të panairit dhe Agjencionit Zvicëran për zhvillim dhe bashkëpunim, si sponzor gjeneral i "BNJVL EKSPO 2009". Ditën e dytë të panairit, komunat i vizitoi edhe Kryetari i Republikës së Maqedonisë, Gjorgje Ivanov.

Gjatë dy ditëve të panairit u dëgjua zëri i pushteteve lokale, të cilat i potencuan sukseset e deritanishme të realizuara gjatë katër viteve të kaluara të decentralizimit, por i shpalosën edhe nevojat, drejtuar nga sigurimi i pavarësisë më të madhe financiare dhe zhvillimin e ekonomisë lokale me qëllim të zbatimit dhe sigurimit të kushteve dhe shërbimeve më të mira për qyetarët e tyre. Organizimi i mbledhjeve të përfaqësuesve nga administrata e komunave, përmes 8 rrjeteve të formuara nga juristë, urbanistë, këshilltarë për arsim, ekspertë në IT, të angazhuarit në sigurimin dhe menaxhimin e resurseve njerëzore në komunat etj., paraqet hapje edhe të një "Dere" të re në BNJVL, për ndihmën e anëtareve të saj. Më saktë, përmes sigurimit më të madh të lidhjes më të madhe të ekspertëve komunal në drejtime të ndryshme, do të sigurohet përcaktim më sistematik i nevojave për zhvillim të kapaciteteve komunale, intensifikim i shkëmbimit të përvojave të mira, identifikim i mangësive dhe gjetje të zgjidhjeve për tejkalimin e tyre.

Në muajin nëntor, BNJVL dhe komunat patën dhe aktivitete të ndryshme të rëndësishme, mes të cilave mbajtjen e takimit të pestë të Bordit drejtues, takimin e kryetarit të BNJVL-së me ministrin për financa, ku mes tjerash, u paralajmërua rritja e marrjes së TVSH-së për 0,4 % për vitin e ardhshëm. Pastaj, me rëndësi të veçantë ishte edhe përfshirja aktive e komunave në akcionin për pyllëzimin e mëmëdheut tonë, zbatimi i më shumë trajnimeve për kryetarët e komunave dhe administratën komunale, zgjedhja e katër komunave të cilat do të fitojnë ndihmë të ekspetëve për hartimin e IKT strategjive të tyre dhe të tjera. Për këtë, dhe me shumë, mund të lexoni në GAZETËN tonë dhe tuajën në numrin e nëntorit.

Me respekt,

Dushica Perishiq
Drejtor Ekzekutiv


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Женевска 66, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
www.zels.org.mk . contact@zels.org.mk

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË**

tel. +389 (0)2 30 99 033 / fax: +389 (0)2 30 61 994
rruga. Zhenevska p.n., F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë
www.zels.org.mk . contact@zels.org.mk

**Извршен директор на ЗЕЛС**
Душица Перишиќ

**Заменик извршен директор на ЗЕЛС**
Ардита Дема

**Уреднички колегиум**
Весна Арсовска - Динковска, Наташа Вртеска, Виктор Арнаудовски

**Дизајн и подготовка за печат**
ПРИНТ ЦЕНТАР

**Печати**
ПРИНТ ЦЕНТАР

**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së**
Dushica Perishiq

**Zëvendës drejtor ekzekutiv**
Ardita Dema

**Bordi redaktues**
Vesna Arsovska - Dinkovska, Natasha Vrteska, Viktor Arnaudovski

**Pergatitje per shtyp**
PRINT CENTAR

**Shtyp**
PRINT CENTAR

# ОДДРЖАНА ПЕТТАТА СЕДНИЦА

## НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС



На 12 ноември, 2009 година, Управниот одбор на ЗЕЛС ја оддржа петтата седница на која беа разгледувани значајни прашања од надлежностите на локалните власти, како и од работењето на ЗЕЛС. Беше усвоен Акциониот план на ЗЕЛС за 2010 година, Предлог-Буџетот на ЗЕЛС за 2010 и Планот за јавни набавки за 2010 година. Беше утврдено дека Генералното Собрание на ЗЕЛС ќе се оддржи во рамките на Конференцијата ,,Четири години од процесот на децентрализација во Република Македонија", закажана за 16 и 17 декември, 2009 година во Охрид. Членовите на Управниот одбор беа информирани за настанот ,,Ден на дрвото" што општините во координација со владино координативно тело ќе го спроведуваат, при што беа консултирани за преземањето на обврските од акцијата и утврдувањето на локациите за засадување на младите дрва. Беа информирани и за иницијативата за засадување на дрвото, јапонска цреша во 32 општини, каде во чест на Тоше Проески во овие општини ќе се засадат по 26 дрва од овој вид, како симбол на неговата младост и годините што ги имаше во моментот на ненадејната смрт.

Управниот Одбор го избра градоначалникот на Општина Кисела Вода, Маријан Ѓорчев, за претставник на ЗЕЛС во координативното тело при Министерството за надворешни работи на Р.М., во пресрет на преземањето на претседавањето со Комитетот на министри при Советот на Европа, од страна на нашата земја. Членовите на УО дискутираа и за актуелните состојби со ЕСМ ЕВН при што беа нотирани одредени проблеми со кои се соочуваат општините, како неисплаќањето на каматите од средствата од комуналната такса за улично осветлување, што задоцнето се префрлаат на општините. Утврден е и проблем во некои општини со пресметката при примената на константи со што износите може да се зголемат и од 3 до 6 пати, потоа проблемот со завземањето на скапи градежни парцели со поставување на далеководи, немањето на евиденција на општините, колкава е висината, односно процентот на наплатата на таксите.Беше формирана АД-Хок Комисија која ќе ги разгледа сите отворени прашања на општините –ЗЕЛС и ЕВН и систематизирано ќе дискутира со ЕВН за нивно разрешување. За членови беа изгласани Благоја Деспотовски, градоначалник на Општина Кичево, Александар Петрески, градоначалник на Општина Охрид, Маријан Ѓорчев, градоначалник на Општина Кисела Вода и Аргетим Фида, градоначалник на Општина Дебар.

Управниот Одбор дискутираше и за Стратегијата за управување со градежното неизградено земјиште од страна на општините. Беше дискутирано дека доколку се утврди дека со Стратегијата треба да се обезбеди промена на титуларот на сопственост, односно од РМ да се промени во општинска соптвеност, би се извршила промена на огромен број на закони, за што би било потребно подолг временски период за усогласување, но и за практична примена на истиот, особено во делот на катастар. Затоа беше предложен и беше усвоен концептот, наместо Министерството за транспорт и врски, во име на Р.М, со градежното неизградено земјиште да управуваат општините. Надзорот и понатаму да остане во рацете на РМ, а од општините се бара во управувањето да постапуваат единствено во согласност со Закон, а државните органи при вршењето на надзорот мора да се раководат по строги правила и критериуми за да се спречи евентуално самоволие кое би можело да произлезе од дискреционото право на органите на управата во однос на општините.

### РЕАЛИЗИРАНА СРЕДБА НА ТРАЈАНОВСКИ СО МИНИСТЕРОТ СТАВРЕВСКИ

Претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски имаше средба со министерот за финансии Зоран Ставревски, за одредени клучни прашања за локалните власт за што ги информира членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС. На средбата било констатирано дека Комисијата за следење на системот на фискална децентрализација не работи во обем и за целта за која со закон е основана и не одржува редовни состаноци. Се разговарало дека со зголемувањето на износот на ДДВ од 5 на 18 % за услугите на јавните претпријатија, голем број од нив во периодот од 2003-2008 заради неплатен ДДВ направија огромни долгови. Побарано е од министерот долговите на јавните претпријатија да се ослободат од камата, а главницата од долгот да им се овозможи да ја плаќаат на 7 години и две години грејс период, со што би се помогнало за нормално функционирање на овие претпријатија и извршување на нивната дејност. Општините кои не се влезени во втората фаза на фискална децентрализација заради човечки капацитети, беше препорачано ЗЕЛС да се обиде да им даде извесна поддршка. Во однос на долговите што ги имаат овие општини, Владата ќе се обиде да најде метод да им помогне со извесни позајмици. Министерот укажа дека Владата е единствено подготвена да го зголеми процентот на ДДВ за општините за само 0,4%, односно вкупно ДДВ-то да изнесува 3,45.Во однос на барањето на ЗЕЛС за зголемување на зафаќањето од процентот на персоналниот данок, во корист на општините, уште еднаш МФ го реафирмира ставот дека нема простор за зголемување во делот на обезбедување поголем износ за општините. Претседателот Трајановски, гопокани министерот да присуствува на тркалезната маса што ќе биде организирана за време на одржувањето на петтиот по ред саем на општините, ЗЕЛС ЕКСПО 2009,, на Скопскиот саем, во халата Метрополис Арена, на 25 и 26 ноември, каде носечка тема е токму ,, Финасирањето и фискалната децентрализација во Р. Македонија и можностите за општините "

# U MBAJT SEANCA E PESTË

## E BORDIT DREJTUES TË BNJVL-SË

Më 12 nëntor, 2009, Bordi drejtues i BNJVL-së e mbajti seancën e pestë, ku u shqyrtuan çështje të rëndësishme nga kompetencat e pushteteve lokale, si dhe nga puna e BNJVL-së. U miratua Plani aksional i BNJVL-së për vitin 2010, Propozim-Buxheti i BNJVL-së për 2010 dhe Plani për furnizime publike për vitin 2010. U përcaktua se Kuvendi gjeneral i BNJVL-së do të mbahet në suazat e Konferencës ,,Katër vite nga procesi i decentralizimit në Republikën e Maqedonisë", u caktua për 16 dhe 17 dhjetor, viti 2009 në Ohër. Anëtarër e Bordit drejtues u informuan për ngjarjen ,,Dita e drurit" që komunat do t'a zbatojnë në koordinim me trupin koordinues qeveritar, me ç'rast u konsultuan për ndrëmarrjen e obligimeve nga akcioni dhe përcaktim i lokacionit për mbledhje të fidaneve. U informuan edhe për iniciativën për mbjelljen e drurit, qershia japoneze në 32 komuna, ku për nder të Toshe Proeskit në këto komuna do të mbillen 26 drunjë të këtij lloji, si simbol i rinisë së tij dhe vjetët që i kishte në momentin e vdekjes së papritur.

Bordi drejtues e zgjodhi kryetarin e komunës së Kisella Vodës, Marjan Gjorçev, për përfaqësues të BNJVL-së në trupin koordinues pranë Ministrisë për punë të jashtme të R.M., në vigjilje të marrjes së udhëheqësisë me Komitetin e ministrave pranë Këshillit të Evropës, nga ana e vendit tonë. Anëtarët e Bordit drejtues diskutuan edhe për gjendjet aktuale me ESM EVN me ç'rast u notuan probleme të caktuara me të cilat ballafaqohen komunat, si mospagesa e kamatave nga mjetet e taksave komunale për ndriçim rrugor, që me vonesë u transferohen komunave. U përcaktua edhe problemi që në disa komuna me llogaritje gjatë zbatimit të konstantave me çka vlerat mund të rriten edhe prej 3 deri më 6 herë, pastaj edhe problemi me marrjen e parcelave të shtrenjta ndërtimore me vendosjen e largpërquesve, mungesa e evidencës së komunave, sa është lartësia, përkatësisht përqindja e arkëtimit të taksave. U formua AD-Hok Komisioni i cili do t'i shqyrtojë të gjitha çështjet e hapura të komunave – BNJVL dhe EVN dhe do të diskutojnë në mënyrë sistematike me EVN për zgjidhjen e tyre. Për anëtarë u votuan Bllagoja Despotovski, kryetar i komunës së Kërçovës, Aleksandar Petreski, kryetar i komunës së Ohrit, Marijan Gjorçev, kryetar i komunës së Kisella Vodës dhe Argëtim Fida, kryetar i komunës së Dibrës.



Bordi drejtues diskutoi edhe për Strategjinë për menaxhim me tokën e pandërtuar ndërtimore nga ana e komunave. U diskutua se për deri sa përcaktohet se me Strategjinë duhet të sigurohet ndryshim i titullit të pronësisë, përkatësisht nga RM të ndryshohet në pronësi të komunës, do të kryhet ndryshim i një numri të madh të ligjeve, me ç'rast do të ishte i nevojshëm afat më i gjatë kohor për harmonizim, por edhe zbatimin praktik të të njejtit, veçanërisht në pjesën e kadastrit. Për atë arsye u propozua dhe u miratua koncepti, që në vend të Ministrisë për transport dhe lidhje, në emër të R.M., me tokën e pandërtuar ndërtimore të menaxhojnë komunat. Mbikëqyrja edhe më tej të ngelet në duart e RM, e nga komunat kërkohet të veprojnë vetëm në pajtim me Ligjin, ndërsa organet shtetërore gjatë kryerjes së mbikëqyrjes duhet të udhëhiqen me rregulla dhe kritere të rrepta që t'a parandalojnë sjelljen arbitrare eventuale e cila mund të rrjedh nga e drejta diskrete të organeve të drejtorisë lidhur me komunat.

### TAKIM I REALIZUAR I TRAJANOVSKIT ME MINISTRIN STAVREVSKI

Kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanovski u takua me ministrin për financa Zoran Stavrevski, për çështje të caktuara tepër të rëndësishme për pushtetet lokale me çka i informoi anëtarët e Bordit drejtues të BNJVL-së. Në takim ishte konstatuar se Komisioni për vëzhgimin e sistemit të decentralizimit fiskal nuk punon në vëllim dhe për qëllimin për të cilën me ligj është themeluar dhe nuk mban mbledhje të rregullta. U bisedua se me rritjen e shumës së TVSH-së nga 5 në 18% për shërbimet e ndërmarrjeve publike, numër i madh i tyre në periudhën nga 2003-2008 për shkak të mospagesës së TVSH-së kanë bërë borxhe të mëdha. Është kërkuar nga ministri borxhet e ndërmarrjeve publike të lirohen nga kamata, si dhe borxhi kryesor t'ju mundësohet t'a paguajnë për 7 vite dhe dy vite grejs periudhë, me çka do të ndihmohej për funksionim normal të këtyre ndërmarrjeve dhe ekzekutimin e veprimtarisë së saj. Komunat të cilat nuk kanë hyrë në fazën e decentralizimit fiskal për shkak të kapaciteteve njerëzore, ishte rekomanduar BNJVL të orvatet t'iu jep përkrahje të duhur. Në lidhje me boxhet që i kanë këto komuna, Qeveria do të orvatet të gjen metod për t'ju ndihmuar me hua të caktuara. Ministri theksoi se Qeveria është e përgatitur t'a rrit përqindjen e TVSH-së për komunat për vetëm 0,4% respektivisht gjithsej TVSH-ja të arrin 3,45. Në lidhje me kërkesën e BNJVL-së për rritjen e përfshirjes nga përqindja e tatimit personal, në dobi të komunave, edhe njëherë MF e riafirmoi qëndrimin se nuk ka hapësirë për rritje në pjesën e sigurimit të shumës për komunat. Kryetari Trajanovski, e ftoi ministrin të merr pjesë në tryezën e rrumbullakët që do të jetë e organizuar gjatë kohës së mbajtjes së panairit të pestë me rradhë të komunave, BNJVL EKSPO 2009, në panairin e Shkupit, në sallën Metropolis Arena, më 25 dhe 26 nëntor, ku temë bartëse është ,,Financimi dhe decentralizimi fiskal në R. e Maqedonisë dhe mundësitë për komunat".

# ЗЕЛС ОРГАНИЗИРА ОБУКИ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ



Од 10 до 12 ноември, 2009 година, во хотел ,,Бистра" во Маврово, во рамките на Проектот „Самостојност на ЗЕЛС и услуги (фаза 2)", во делот на комуникациите, ЗЕЛС организира обука за градоначалниците за односи со јавност. Односите со јавноста и со медиумите претставуваат многу важна алатка која на општините им помага полесно и поефикасно да допрат до граѓаните и до претставниците на бизнис заедницата и да изградат цврсти врски со нив.

Со правилно поставени и спроведени односи со јавноста, општините ќе можат да воспостават двонасочен проток на информации со оние на кои им служат, а со тоа и целосно да ја остварат својата функција. Секоја општина, особено претставниците на нејзиното раководство мораат да знаат како да комуницираат со локалната заедница, за да тие бидат навремено информирани за сè она што локалната власт го прави, за организирање и унапредување на животот во општината. Токму затоа ЗЕЛС организира ваква обука на која присуствуваа градоначалници од околу триесетина општини, со цел унапредување на нивните способности, знаења и вештини за управување и спроведување на односите со јавноста и со медиумите. Со спроведување на обуката, од страна на телевизискиот новинар Драган Антоновски и од Билјана Бејкова, од НВО Инфоцентар, градоначалниците ги збогатија своите знаења, како да управуваат со односите со јавноста, како функционираат медиумите и кои ,,приказни,, се интересни за нив, како да се однесуваат пред камера и да се справуваат со поставени, тешки прашања за време на интервјуто. Од спроведената евалуација, градоначалниците дадоа одлични оценки за обуката и ја нотираа потребата за дополнителни обуки од областа на протоколот, односите со јавноста и кризното комуницирање.

# BNJVL ORGANIZON TRAJNIME PËR MARRËDHËNIE ME PUBLIKUN PËR KRYETARËT E KOMUNAVE

Prej 10 deri më 12 nëntor, 2009, në hotelin ,,Bistra" në Mavrovë, në kuadër të projektit ,,Pavarësim i BNJVL-së dhe shërbimet (faza 2)" , në pjesën e komunikimeve, BNJVL organizon trajnim për kryetarët e komunave lidhur me marrëdhëniet me publikun. Marrëdhëniet me publikun dhe mediat paraqesin mjet mjaft të rëndësishëm i cili komunave u mundëson që më lehtë dhe në mënyrë më efikase të prekin te qytetarët dhe te përfaqësuesit e bashkësisë së biznesit dhe të ndërtojnë lidhje të forta me to.

Me marrëdhënie të vendosura dhe të zbatuara në rregull, komunat do të mund të vendosin rrjedhë dykahëshe të informacioneve me ata të cilëve u shërbejnë, e me të, që tërësisht t'a realizojnë funkcionin e tyre. Çdo komunë veçanërisht përfaqësuesit e kryesisë së tyre, duhet të dinë si të komunikojnë me bashkësinë lokale, që ato të jenë të informuara në kohë për tërë ato që i bën pushteti lokal, për organizimin dhe avancimin e jetës në komunë. Pikërisht për këtë arsye BNJVL organizon trajnim të këtillë në të cilën morrën pjesë kryetarë të 30 komunave, me qëllim të avancimit të aftësive dhe diturive të tyre për menaxhim dhe zbatim të marrëdhënieve me publikun dhe mediave. Me zbatimin e trajnimit, nga ana e gazetarit televiziv Dragan Antonovski dhe Biljana Bejkova, nga Info-Qendra JQ, kryetarët e komunave i pasuruan dituritë e tyre si të menaxhojnë me marrëdhëniet me publikun dhe me mediat, si funkcionojnë mediat dhe cilat ,,tregime" u'a zgjojnë interesin atyre, si të sillen para kamerës dhe të përballohen me pyetjet e rënda të parashtruara gjatë intervistës. Nga evaluacioni i zbatuar, kryetarët e komunave dhanë nota të shkëlqyeshme për trajnimin dhe e notuan nevojën për trajnime plotësuese nga lëmia e protokolit, marrëdhëniet me publikun dhe komunikimin gjatë krizës.






## ДОДЕЛЕНИ 11 ГРАНТОВИ ЗА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА, ЗА 24 ОПШТИНИ

Во рамките на „ЗЕЛС ЕКСПО 2009 "во Бизнис салата беа доделени грантовите за реализација на проектите од Програмата за меѓуопштинска соработка за подобра испорака на услуги и пристап кон ЕУ, во вредност од 200 илјади евра, обезбедени од норвешката Влада, што ги имплементира УНДП во соработка со МЛС. Изборот на проектите беше направен врз основа на евалуација на пријавите за грантови, а проектите ќе се реализираат во рок од најмалку шест, односно дванаесет месеци.Во присуство на претставници од локалната власт, министерот за локална самоуправа Муса Џафери, извршниот директор на ЗЕЛС Душица Перишиќ и в.д. постојниот претставник на УНДП, Ан –Мари Али, овие грантови им беа доделени на 24 општини за реализација на вкупно 11 проекти за меѓуопштинска соработка . Тие имаат за цел да обезбедат поддршка за меѓуопштинска соработка во повеќе области меѓу кои наплата на даноци, урбано планирање, инспекциски услуги и поттикнување на локалниот економски развој, привлекување на туристи и на инвестиции. На првиот јавен повик за доделување на грантови за поддршка на меѓуопштинската соработка беа поднесени 22 проекти, во кои како партнери се пријавија 48 општини.

Гевгелија и Валандово се меѓу добитниците на грант за промовирање на микрорегионот како атрактивна дестинација за туризам и инвестиции, потоа Зелениково и Петровец за областа на локален економски развој, како и четирите општини Берово, Пехчево, Виница и Делчево. Општините Зрновци и Чешиново добија грант за проект од ЛЕР и ќе формираат заедничко одделение за инспекција. За развивање на меѓуопштинска соработка за урбанистичко планирање, грант добија општините Штип и Карбинци кои ќе ги ревидентираат бесправните градби, а од оваа област добитници на грантови се и општините Новаци и Могила, потоа Гостивар и Врапчиште, општините Кавадарци и Росоман како и Кочани и Пробиштип кои ќе конституираат административно тело за урбанизам на локалитетот „Поникова". Од областа на собирање на даноци, средства ќе добијат и општините Кривогаштани и Долнени, додека општините Радовиш и Конче средствата ќе ги наменат за да го ажурираат регистарот на недвижен имот.

Градоначалникот на Општина Гевгелија, Иван Франгов од името на општините добитници се заблагодари за добиените средства, а извршниот директор на ЗЕЛС, истакна дека ЗЕЛС активно учествуваше во донесувањето на Законот за меѓуопштинска соработка, кој дава можности и рамки за развивање на меѓуопштинската соработка, и овозможува економичен начин за обезбедување на еднакви услуги за граѓаните од страна на сите општини. Министерот Џафери потенцира дека меѓуопштинската соработка е инструмент кој сериозно ја помага децентрализацијата, зашто нуди решенија за надминување на предизвиците со кои се соочуваат помалите општини. Ан-Мари Али оцени дека апликациите се квалитетни, што било важен основ за зголемување на првично планираниот број општини, добитници на грантови.





## U NDANË 11 GRANTE PËR BASHKËPUNIM NDËRKOMUNAL, PËR 24 KOMUNA

Në kuadër të ,,BNJVL EKSPO 2009" në Sallë e Biznesit u ndanë grante për realizimin e projekteve nga Programi për bashkëpunim ndërkomunal për dërgesë të mirë të shërbimeve dhe qasje drejt BE, në vlerë prej 200 mijë eurosh, të siguruara nga Qeveria norvegjeze, të cilat i implementon UNDP në bashkëpunim me MVL. Zgjedhja e projekteve u bë në bazë të evaluacionit të paraqitjeve për grante, e projektet do të realizohen në afat prej më së paku gjashtë, përkatësisht 12 muajsh. Në prani të përfaqësuesve të pushtetit lokal, ministri për vetëqeverisje lokale Musa Xhaferi, drejtori ekzekutiv i BNJVL-së Dushica Perishiq, dhe d.v. përfaqësuesi ekzistues i UNDP, An-Mari Ali, këto grante u'a shpërndanë 24 komunave për realizimin e gjithsejt 11 projekteve për bashkëpunim ndërkomunal. Ato kanë për qëllim që të sigurojnë përkrahje për bashkëpunim ndërkomunal në më tepër fusha midis të cilave edhe arkëtimi i tatimeve, planifikimi urbanistik, shërbimet inspektuese dhe nxitje e zhvillimit ekonomik lokal, tërheqje e turistëve dhe të investimeve. Në thirrjen e parë publike të ndarjes së granteve për përkrahje të bashkëpunimit ndërkomunal u dorëzuan 22 projekte, në të cilat si partnerë u paraqitën 48 komuna. Gjevgjelia dhe Vallandova janë midis fituesve të grantit për promovimin e mikrorajonit si destinacion atraktiv për turizëm dhe investime, pastaj Zelenikova dhe Petroveci për leminë e zhvillimit ekonomik lokal, si dhe katër komunat: Berova, Pehçeva, Vinica dhe Dellçeva. Komunat Zërnovci dhe Çeshinova fituan grant për projekt nga ZHEL dhe do të formojnë seksion të përbashkët për inspektim. Për zhvillimin e bashkëpunimit ndërkomunal për planifikim hapësinor, grant fituan komuna e Shtipit dhe e Karbincit të cilat do t'i revidentojnë ndërtimet e ndërtuara parregull, e nga kjo lëmi fitues të granteve janë edhe komuna e Novacit dhe Mogilla, pastaj Gostivari dhe Vrapçishti, komunat Kavadari dhe Rosomani si dhe Koçani dhe Probishtipi të cilat do të konstituojnë trup administrativ për urbanizëm në lokalitetin ,,Ponikva". Nga lëmia e mbledhjes së tatimeve, mjete do të fitojnë edhe komunat Krivogashtani dhe Dollneni, për deri sa komuna Radovish dhe Konçe mjetet do t'i dedikojnë për t'a azhuruar regjistrin për pronë të patundshme. Kryetari i komunës së Gjevgjelisë, Ivan Frangov në emër të komunave fituese u falenderua për mjetet e fituara, ndërsa drejtori ekzekutiv i BNJVL-së, theksoi se BNJVL në mënyrë aktive do të marrë pjesë në aprovimin e Ligjit për bashkëpunim ndërkomunal, i cili jep mundësi dhe korniza për zhvillimin e bashkëpunimit ndërkomunal dhe mundëson mënyrë ekonomike që të sigurohen shërbime të barabarta për qytetarët nga ana e të gjitha komunave. Ministri Xhaferi potencoi se bashkëpunimi ndërkomunal është instrument i cili seriozisht e ndihmon decentralizimin, sepse ofron zgjidhje për tejkalimin e sfidave me të cilat ballafaqohen komunat më të vogla. An-Mari Ali vlerësoi se aplikimet janë kualitative, që paraqet bazë të rëndësishme për rritjen e numrit primar të planifikuar të komunave, fituese të granteve.

## ОПШТИНИТЕ АКТИВНО ЈА ПОДДРЖАА АКЦИЈАТА ДЕН НА ДРВОТО

На 13 ноември, 2009 година, општините се вклучија и земаа активно учество во акцијата ,, Ден на дрвото - Засади ја својата иднина ". Општините заедно со претставници од Проектот и со инженерите од ЈП „Македонски шуми" ги утврдија локациите на кои се засадуваа младите дрвца, ги мобилизираа своите граѓани масовно да излезат и да го дадат својот личен придонес во оваа голема национална акција а, некои од нив помогнаа и во обезбедувањето на превоз на граѓаните до утврдените локации за пошумување . На тој начин општините на дело ја искажаа својата максимална подршка на акцијата ,, Ден на дрвото - Засади ја својата иднина "и ја потврдија својата подготвеност активно да придонесат за масовно засадување на голините и опустошените планини и за унаредувањето на животната средина за своите граѓани, граѓаните од целата земја и пошироко.

Активности на заштита и на урбаните средини, односно нивно разеленување и разубавување, дополнително реализираа 32 општини во земјава, во кои, во чест на Тоше Проески беа засадени по 26 високо декоративни дрвја-јапонски цреши, како симбол на младоста и годините што тој ги имаше, во моментот на неговата ненадејна смрт.

## KUMUNAT NË MËNYRË AKTIVE E PËRKRAHËN AKCIONIN "DITA E DRURIT – MBJELLE ARDHMËRINË TËNDE"

Më 13 nëntor, 2009, komunat u kyçën dhe morrën pjesë aktive në akcionin "Dita e drurit – mbjelle ardhmërinë tënde". Komunat së bashku me përfaqësues të projektit të inxhinierëve nga NP "Pyjet e Maqedonisë" i përcaktuan lokacionet në të cilat u mbollën fidanet, i mobilizuan qytetarët e tyre masovikisht të dalin dhe të japin kontributin e tyre personal në këtë akcion të madh nacional, ndërsa disa prej tyre siguruan transport të qytetarëve deri te lokacionet e caktuara për pyllëzim. Në këtë mënyrë, komunat në vepër e treguan përkrahjen e tyre maksimale të akcionit "Dita e drurit – Mbjelle ardhmërinë tënde" dhe e dëshmuan prgatitjen e tyre për ndihmë gjatë pyllëzimit masovik të pyjeve dhe maleve të pa pyllëzuara dhe përmirsimin e hapësirës për jetë të qytetarëve të tyre, qytetarëve të vendit dhe më gjërë.

Aktivitete për mbrojtjen edhe të rretheve urbane, gjegjësisht, gjelbërimin dhe zbukurimin e tyre, plotësisht realizuan 32 komuna në vend, në të cilat, në shenjë respekti ndaj Toshe Proeskit, u mbollen nga 26 drunjë me dekor të lartë – Qershia japoneze, si simbol i rinisë dhe vjetëve që kishte ai, në çastin e vdekjes së papritur.




# САКАМЕ, УМЕЕМЕ И МОЖЕМЕ ДА НАПРАВИМЕ ПОВЕЌЕ ЗА НАШИТЕ ГРАЃАНИ

„Сакаме општините да ги изградиме по најсовремените европски стандарди, сакаме да бидеме пример во регионот по ефикасност, транспарентност и развој на локалната власт. Сакаме нашите граѓани да бидат горди на својата општина, да имаат желба да останат во неа, таму да работат и да ја креираат својата иднина. Затоа настојуваме надлежностите што на локално ниво ни беа доверени пред повеќе од четри години да ги извршуваме квалитетно и ефикасно.Сметаме дека финансиските средства кои се одвојуваат за општините не се доволни за сето она што сакаме, умееме и можеме да го направиме за нашите граѓани, па во континуитет, во преговори со Владата се залагаме за нивно зголемување со цел обезбедување на поголема финансиска независност на локалните власти, што впрочем е и носечката тема за која ке дискутираме во текот на двата саемски дена" , ова го истакна претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски, во својот говор, на отворањето на петтиот по ред, Саем на општините „ЗЕЛС ЕКСПО 2009 година". ,што се оддржа на 25 ноември, 2009 година, во хала 1, Метрополис арена, на Скопскиот саем. Претседателот на ЗЕЛС, Трајановски го истакна значењето на оваа традицинална манифестација на локалните власти, каде на едно место, општините имаат можност да ги презентираат своите активности, планови и идни проекти, меѓусебно да разменат искуства и да се запознаат и со значајни проекти на меѓународни организации присутни во нашата земја, кои го подржуваат процесот на децентрализацијата. Трајановски, ја искористи можноста да им се заблагодари на меѓународните организации за нивната континуирана поддршка, која се рефлектираше и при организирањето на овој Саем, а особено на Швајцарската агенција за соработка и развој, како генерален спонзор на „ ЗЕЛС ЕКСПО 2009 ". Тој исто така истакна дека во соработка со Владата, се подготвува Предлог стратегија за управување со градежното земјиште од страна на општините, со што ќе се овозможи добра основа за развој на локалната економија која е од значење не само за општините туку за целата земја.

# DËSHIROJMË DHE MUNDEMI TË BËJMË MË SHUMË PËR QYTETARËT TONË

„Dëshirojmë që komunat t'i ndërtojmë sipas standardeve më bashkëkohore europiane, dëshirojmë të jemi shembull në rajon për nga efikasiteti, transparenca dhe zhvillimi i pushtetit lokal. Dëshirojmë që qytetarët tanë të jenë krenar për komunën e tyre, aty të punojnë dhe t'a krijojnë ardhmërinë e tyre. Për këtë shkak qëndrojmë në atë që kompetencat që në nivel lokal na janë dhënë prej më shumë se katër vite t'i kryejmë në mënyrë kualitative dhe me efikasitet. Konsiderojmë se mjetet financiare që ndahen për komunat nuk janë të mjaftueshme për të gjithë atë çfarë dëshirojmë për qytetarët tonë, por në vazhdimësi, në negociata me Qeverinë u zotuam për rritjen e tyre me qëllim sigurimin e pavarësisë më të madhe financiare të pushteteve lokale, që në të vërtetë është temë bartëse për të cilën do të diskutojmë në rrjedhat e dy ditëve të panairit, këtë e theksoi kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanovski, në fjalimin e tij, në panairin e pestë me rradhë, Panairi i komunave „BNJVL EKSPO 2009", që u mbajt më 25 nëntor, 2009, në sallën 1, Metropolis arena, në panairin e Shkupit. Kryetari i BNJVL-së, Trajanovski e theksoi rëndësinë në këtë manifestim tradicional të pushteteve lokale, ku në një vend, komunat kanë mundësi t'i prezantojnë aktivitetet e tyre, plane dhe projekte të ardhshme, ndërmjet veti të këmbejnë përvoja dhe të njoftohen edhe me projekte të rëndësishme të organizatave ndërkombëtare pjesëmarrës në vendin tonë, që e përkrahin procesin e decentralizimit. Trajanovski, e shfrytëzoi mundësinë t'i falenderojë organizatat ndërkombëtare për përkrahjen e tyre të vazhdueshme, e cila u reflektua edhe gjatë organizimit të këtij Panairi, dhe veçanërisht Agjencionit Zviceran për bashkëpunim dhe zhvillim, si sponzor gjeneral i „BNJVL EKSPO 2009". Ai gjithashtu theksoi se në bashkëpunim me qeverinë, përgatitet propozim strategji për menaxhim me tokën ndërtimore nga ana e komunave, me çka do të mundësohet bazë e mirë për zhvillimin e ekonomisë lokale që është me rëndësi jo vetëm për komunat por për gjithë vendin.

# ПО ПЕТТИ ПАТ ОДРЖАН
## САЕМ НА ОПШТИНИТЕ - „ЗЕЛС ЕКСПО 2009“

# PËR HERË TË PESTË U MBAJT
## PANAIRI I KOMUNAVE - „BNJVL EKSPO 2009 “

Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија – ЗЕЛС, на 25 и 26 ноември, 2009 година, на Скопски саем во халата 1-Метрополис Арена, по петти пат го организираше Саемот на општините-„ЗЕЛС ЕКСПО 2009“.Саемот го отвори Премиерот на Република Македонија, Никола Груевски, кој истакна дека Владата и понатаму ќе и дава голема поддршка на децентрализацијатаво нашата земја, а за значењето на оваа самеска манифестација, како и достигнувањата на локалните власти говореше претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски. На свеченото отворање присутните ги поздрави и Н.Е. Филип Рикер, Амбасадор на САД, евроамбасадорот Н.Е. Ерван Фуере и заменик шеф на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, г-ѓа Натали Дрозд.

На оваа традиционална манифестација општините ги претставија своите активности што ги преземаат во насока на обезбедување на квалитетни услови и услуги на своите граѓани, согласно добиените надлежности. На едно место, тие меѓусебно разменија искуства и добри пракси и се запознаа со проектите на меѓународните организации присутни во нашата земја, наменети токму за локалните власти и за зајакнување на процесот на децентрализацијата во нашата земја. Со цел забрзан развој на локалната економија на саемот учествуваа и претставници од бизнис заедницата, кои ја искористија можноста на едно место да се сретнат со градоначалниците и општинските сектори за локален економски развој и да поразговараат за можностите за иницирање на идна заемна соработка. Општините имаа можност во панел салата да ги презентираат своите најзначајни проекти, можност што ја искористија поголемиот број од присутните општини, а исто така сите општини на централната бина во Метрополис халата, се претставија со полчасовен културно -уметнички настап. На оводинешниот Саем на општините беа оддржани и едночасовни состаноци на Мрежите при ЗЕЛС, формирани од членови на општинаската администрација, од областите што се во надлежност на општините.

Носечка тема на овој, петти по ред, саем на општините беше „Фискалната децентрализација и улогата и можностите за општините во Република Македонија“. Финансирањето на општините од 3 проценти зафаќање од ДДВ и 3% зафаќање од персоналниот данок, како главни извори за финасирање на своите надлежности, не е доволен за подигање на квалитетот на услугите што општините сакаат да им ги понудат на своите жители, па затоа од 14 до 16 часот во Бизнис салата на скопскиот саем беше организирана средба на претставници од општините со претставници од министерството за финансии. Втора важна, актуелна тема на „ЗЕЛС ЕКСПО 2009“ беше од областа на руралниот развој и начините за искористување на средствата од ИПАРД програмата именувана како „Развојот на земјоделството на локално ниво“. Заминик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ, Перица Ивановски говореше за досегашната взаемна соработка на ова министерство со општините и за постапките за пренамена на земјоделското во градежно земјиште, а особен акцент беше ставен на запознавање на општините за можностите на ИПАРД програмата и активностите на општините во врска со документите што треба да им ги издаваат на апликантите за средства од овие фондови. Оваа конференција беше одржана вториот саемски ден, од 12 до 14 часот, исто така во Бизнис салата на Скопскиот саем

Bashkësia e njësive të vetëqeverisje lokale të Republikës së Maqedonisë – BNJVL, më 25 dhe 26 nëntor, 2009, në Panairin e Shkupit në sallën 1 –Metropolis Arena, për herë të pestë organizoi Panarin e komunave ,,BNJVL EKSPO 2009”. Hapjen e Panairit e bëri kryeministri i Republikës së Maqedonisë, Nikolla Gruevski, i cili theksoi se Qeveria edhe më tej do t'i japë përkrahje decentralizimit në vendin tonë, e për rëndësinë e këtij manifestimi, si dhe për arritjet e pushteteve lokale foli kryetari i BNJVL-së Koce Trajanovski. Në hapjen solemne, të pranishmit i përshëndeti edhe E.T. Filip Riker, Ambasador i SHBA-ve, euroambasadori E.T. Ervan Fuere dhe zëvendës shefi i Misionit të OSBE-së në Shkup, z-nja Natali Drozd.

Në këtë manifestim tradicional komunat i paraqitën aktivitetet e tyre që i ndërmarrin në drejtim të sigurimit të kushteve dhe shërbimeve kualitative qytetarëve të tyre, konform kompetencave të fituara. Në një vend, ato shkëmyen përvoja të ndërsjellta dhe praktika të mira dhe u njohën me projektet e organizatave ndërkombëtare të pranishme në vendin tonë të dedikuara pikërisht për pushtetet lokale dhe për përforcimin e procesit të decentralizimit në vendin tonë. Me qëllim të zhvillimit të shpejtë të ekonomisë lokale në panair morrën pjesë edhe përfaqësues nga bashkësia e biznesit, të cilët e shfrytëzuan mundësinë që në një vend të takohen me kryetarë të komunave dhe sektoret komunale për zhvillim ekonomik lokal dhe të bisedojnë për mundësitë për inicim të bashkëpunimit të ardhshëm të ndërsjelltë. Komunat kishin mundësi që në panel sallën t'i prezentojnë projektet e tyre më të rëndësishme, mundësi të cilën e shfrytëzuan numri më i madh i komunave të pranishme, gjithashtu të gjitha komunat në skenën qëndrore në sallën Metropolis u paraqitën me paraqitje gjysëmorëshe kulturoro-artistike. Në Panairin e këtij viti u mbajtën mbledhje njëorëshe të Rrjeteve pranë BNJVL-së, të formuara nga anëtarët e administratës komunale, në fushat të cilat janë në kompetencat e komunave.

Tema bartëse e këtij panairi të pestë me rradhë të komunave, ishte ,,Decentralizimi fiskal dhe roli dhe mundësitë për komunat në Republikën e Maqedonisë”. Financimi i komunave nga përshirja 3% nga TVSH dhe përfshirja 3% nga tatimi personal, si burime kryesore për financimin e kompetencave të tyre, nuk është i mjaftueshlm për ngritjen e kualitetit të shërbimeve që komunat dëshirojnë t'ua ofrojnë banorëve të tyre, prandaj prej ora 14 deri më 16 në sallën e biznesit të Panairit të Shkupit u organizua takim i përfaqësuesve të komunave me përfaqësues nga ministria për financa. Tema e dytë e rëndësishme, aktuale e ,,BNJVL EKSPO 2009” ishte nga lëmia e zhvillimit rural dhe mënyra e shfrytëzimit të mjeteve nga programi IPARD të emëruar si ,,Zhvillimi i bujqësisë në nivel lokal”. Zëvendës ministri për bujqësi, pylltari dhe ekonomi të ujërave të RM, Perica Ivanovski, foli për bashkëpunimin e deritanishëm të ndërsjelltë të kësaj ministrie me komunat dhe për procedurat për ridedikimin e tokës bujqësore në atë ndërtimore, e theks i veçantë i'u vendos njohtimit të komunave për mundësitë e programit IPARD dhe aktivitetet e komunave lidhur me dokumentet që duhet t'ua dorëzojnë aplikuesve për mjetet e këtyre fondeve. Kjo konferencë u mbajt në ditën e dytë të panairit, prej orës 12 deri më 14, po ashtu në Sallën e biznesit në Panairin e Shkupit.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ИВАНОВ, ЗАДОВОЛЕН ОД АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ И НА ЗЕЛС

Претседателот на Република Македонија, Ѓорге Иванов, со задоволство одговори на поканата на ЗЕЛС и вториот ден од ,,ЗЕЛС ЕКСПО 2009" го посети традиционалниот саем на општините. Во текот на неговата едночасовна посета, низ штандовите на општините разговараше со претставниците од локалните власти, со градоначалниците за нивните проекти, досегашни резултати и идни планови Ги слушна проблемите со кои тие се соочуваат во процесот на децентрализацијата во нашата земја, но истовремено се запозна и со големиот број достигнувања и активности што тие ги спроведоа во изминатиот период при обезбедувањето на адекватни услуги за своите граѓани и извршувањето на добие-

## KRYETARI I SHTETIT – IVANOV, I KËNAQUR NGA AKTIVITETET E KOMUNAVE DHE BNJVL-SË

Kryetari i Republikës së Maqedonisë, Gjorge Ivanov, me kënaqësi i'u përgjigj ftesës së BNJVL-së dhe ditën e dytë të ,,BNJVL EKSPO 2009" e vizitoi panairin tradicional të komunave. Gjatë vizitës së tij njëorëshe, rreth shtandeve të komunave, bisedoi me përfaqësuesit e pushteteve lokale, me kryetarët e komunave për projektete e tyre, rezultatet e deritanishme dhe planet e ardhshme. I dëgjoi problemet me të cilat ata ballafaqohen gjatë procesit të decentralizimit në vendin tonë, por njëkohësisht u njoh edhe me numrin e madh të arritjeve dhe aktiviteteve që ata i zbatuan në periudhën e kaluar gjatë sigurimit të shërbimeve adekuate për qytetarët e tyre si dhe kry-




## ЗЕЛС УПАТУВА БЛАГОДАРНОСТ НА ПОДДРЖУВАЧИТЕ НА ,, ЗЕЛС ЕКСПО 2009"

